*Владимир ТРАЈКОВСКИ* **УДК: 174.4**

# ЕТИКА НА ОБЈАВУВАЊЕ НА СТРУЧНО-НАУЧНИ ТРУДОВИ

***Кратка содржина***

*Во светот на научни публикации, моралните принципи не се сосема различни од тие во секојдневниот живот. Постојат случаи на јасна злоупотреба во истражувањата. Ако се случи злоупотреба, тоа создава немир, не само за научната заедница и нејзините институции, туку и за сите поединци вклучени во тој процес. Списанијата се стремат да ги изберат трудовите преку рецензија, оние со највисок квалитет во науката и нивната репутација зависи од довербата на читателите, авторите, истражувачите и рецензентите. Овој труд ги анализира главните категории на етички прекршувања кои се среќаваат во текот на поднесување, рецензија и објавување на научни трудови.*

*Процесот на рецензирање на списанијата се потпира на експертско и објективно рецензирање од страна на искусни истражувачи со цел за да се обезбеди квалитет на списанијата што објавуваат такви трудови. Рецензијата на ракописи во рецензирани списанија отвора многу етички прашања и проблеми. Препораките на рецензентите што се даваат во врска со објавувањето и советите што тие ги даваат на авторите ги поставуваат научните стандарди во дисциплината. Разбирањето дека некои очигледни етички спротивности се резултат на збунетост или на недостаток на знаење, и затоа некои списанија преземаат одговорност за едукација на нивната заедница за етички прашања во издаваштвото. Целта на оваа статија е да се направи водич за етички принципи достапен на сите наши читатели и соработници.*

*Со зголемување на едукацијата и свеста за етичките прашања релевантни за научните истражувања и објавувањето, одредени отстапувања ќе бидат намалени. Во иднина, авторите можат да очекуваат дека нивните поднесоци ќе треба да исполнат низа етички стандарди.*

***Клучни зборови:*** *ЕТИКА, СТРУЧНИ, НАУЧНИ, ПУБЛИКАЦИИ, УРЕДНИЦИ*

### *Вовед*

Објавувањето на стручно-научни трудови во списанија со фактор на влијание претставува нималку лесна задача. Како автор честопати се соочувате со строги рецензенти, со стриктни правила за објавување на редакцијата, со обемни авторски изјави. Од друга страна во својство на главен и одговорен уредник на списанието **Дефектолошка теорија и практика** сум се среќавал со автори кои поднесувале трудови со низок научен квалитет, со трудови плагијати, со трудови кои веќе биле објавени во друго списание, со притисоци од колеги кои сакале по секоја цена да им биде објавен трудот за да им послужи за избор во повисоко звање. Ако се следи етиката во науката треба да се остане имун на сите овие негативни влијанија во процесот на публицирањето.

**Целта на трудот** е да се направи водич за етички принципи достапен на сите наши читатели и соработници.

Академското објавување зависи и е засновано во голема мера на доверба. Уредниците треба да им веруваат на рецензентите дека тие ќе обезбедат фер оценување. Авторите треба да имаат доверба дека уредниците ќе изберат соодветни рецензенти и дека читателите ќе веруваат во процесот на рецензија. Академското објавување, исто така, се јавува во средина на моќни интелектуални, финансиски, а понекогаш и политички интереси кои може да се судираат или натпреваруваат. Добри одлуки и силна уредувачка политика дизајнирана да управува со овие интереси ќе поттикне одржлив и ефикасен систем за објавување, од што ќе имаат корист академските здруженија, уредниците на списанија, авторите, финансиерите на истражувања, читателите и издавачите. Добрите практики на објавување не се развиваат случајно, и ќе станат вредни само ако се активно промовирани (Graf et al., 2007).

Објавување на истражувачки труд претставува последна фаза на научен проект. Тоа е кулминација на неколку месеци, а понекогаш и години на прецизно планирање, извршување и анализи на стотици експерименти. Во многу случаи, средствата за поддршка на проектот се добиени од државни пари. Затоа, очекувањата се дека работата се врши и изведува чесно, објективно и праведно. Сепак, понекогаш отстапувања од овој идеал се можни. Етичкото прекршување може да биде намерно, како што се податоците при изработка, или може да настане само од незнаење, на пример, несоодветна анестезија на животните во текот на експериментирањето. Сепак, во правна терминологија, незнаењето не е и не може да биде изговор. Така, обврска на секој истражувач е да биде свесен за сите етички барања за спроведување на научни студии. Покрај тоа, научникот треба да развие силно чувство на етичка одговорност кое што треба да се примени

во секоја фаза од научно истражување. Скршнувањето од етичкиот курс во текот на истражувањето несомнено се манифестира и во текот на фазата на објавување (Benos et. al., 2005).

Рецензирањето на научни ракописи е камен-темелник на модерната наука. Списанијата се потпираат на стручна и објективна рецензија од страна на искусни истражувачи за да се обезбеди квалитетот на списанијата. Покрај тоа, колективните активности на истражувачите кои ги прегледуваат ракописите во одредена научна дисциплина служат за да се постават стандарди во тоа поле. Оваа структура на неплатени и често неидентификувани, волонтери нуди колективно мислење за очекуваните стандарди на научна строгост во една дисциплина од интерес на истражувачот. Нивните критики треба да постават суптилни стандарди на колегијалност, однесување и етика, а не само да бидат препораки за тоа кои документи треба да бидат објавени и кои треба да бидат отфрлени. Исто така, преку тонот и текстот на своите осврти и преку мислата тие имаат научна и етичка одговорност како рецензенти (Callaham, Schriger и Cooper, 2011).

Целта на списанијата треба да биде објавување на трудови со највисок квалитет во науката. За да се постигне ова, целата рецензија и процес на објавување мораат да бидат темелни и фер. Речиси секој аспект од овој процес вклучува важни етички принципи и одлуки, кои се ретко експлицитно наведени од страна на списанијата, дури и поретко се споделуваат со читателите. Репутација на списанието зависи од довербата на читателите, авторите, истражувачите, рецензентите, уредниците, пациентите и истражувачките теми.

### *1. Зголемување на ефективноста на рецензијата*

Иако рецензија обично се сфаќа како процес во кој квалификувани поединци го оценуваат квалитетот на ракописот за објавување, ефективната рецензија носи голема одговорност и претставува чувар на вредноста за објавениот труд. Рецензијата треба да обезбеди откривање на пристрасност, или други обиди да се манипулира научно мислење. Уредниците имаат одговорност да обезбедат висок стандард на објективна, непристрасна и навремена рецензија. Тие треба да се стремат да воспостават и одржат база на податоци на соодветно квалификувани рецензенти. Добрите рецензенти треба да ги алармираат уредници на можните злоупотреби преку употреба на доверливи коментари наменети за уредникот, што претставува карактеристика на многу форми на рецензија (Roberts, 2009). Неколку нестатутарни тела произвеле упатства за употреба од страна на уредниците за прифатливо однесување или стандарди во процесот на обја-

вување на научен труд и тоа се следните: Committee on Publication Ethics (COPE), International Committee of Medical Journal Editors (ICMJE), World Association of Medical Editors (WAME), EQUATOR Network, Council of Science Editors, и Office of Research Integrity. Списанија почнуваат да креираат политики и упатства за објавување.

Добрите уредници треба да се осигураат дека лицата вклучени во рецензентскиот процес (вклучувајќи ги и нив самите) добиле адекватна обука и се во тек со најновите начела, препораки за рецензирање и менаџирање на списанието. Тие едноставно мораат да бидат информирани за истражувањата во врска со рецензирањето и технолошкиот напредок. Битно е да присвојат методи на рецензирање кои се најсоодветни за нивното списание и за истражувачката заедница на која и служат. Уредниците би требало да ги ревидираат практиките на рецензирање на одредени периоди, за да се види дали е можно подобрувањето на квалитетот. Сите сомнителни случаи да ги упатат до Комитетот за етика на публицирање (COPE), посебно кога прашањата кои се појавуваат не се соодветни со тековите на процесот според COPE или ако се сомневаат за несоодветно однесување. Доколку жалбите не можат да се решат интерно треба да се обратат до правобранител (COPE, 2011).

### *2. Етика на дизајнирање на студија*

Добро истражување треба да биде оправдано, добро испланирано и соодветно дизајнирано така што правилно може да се справи со сите истражувачки прашања што ќе произлезат од него. Статистичките прашања, вклучувајќи пресметки на моќ, треба да се сметаат на почетокот од дизајнирањето. Истражувањето треба да биде спроведено со високи стандарди за контрола на квалитетот и анализа на податоците. Податоците и евиденцијата мора да се сочуваат заради повторен преглед на барање од некого. Фабрикувањето резултати, фалсификувањето, прикривањето или лажното прикажување на податоци претставуваат научно недолично однесување. Документираното рецензирање и формалното одобрување од конституиран рецензентски одбор (институционален рецензентски борд или комитет) се потребни за сите студии кои што вклучуваат луѓе, медицинска евиденција и човечки ткива. Секогаш треба да се бара информирана согласност од учесниците во процесот на објавување. Ако не е можно, институционалниот одбор за рецензирање мора да одлучи дали тоа е етички прифатливо (Callaham и Waeckerle, 2001).

### *3. Авторство*

Не постои универзална дефиниција за авторството. Авторството подразбира значителен интелектуален придонес во трудот и одредена улога во пишување на ракописот. Да се биде автор на научен труд е привилегија и едно од поголемите задоволувачки искуства на еден научник. За да се избегнат спорови и недоразбирања кои можат да доведат до одложување или спречување на објавување, учесниците треба да се утврдат во почетокот на истражувањето и процесот на пишување кој ќе биде автор, а кој ќе биде коавтор и во каков редослед ќе бидат распоредени авторите. За сите ракописи, соодветните автори треба да обезбедат информации за одредени придонеси што авторите ги имале направено во трудот. Целта на листата е јасно да се идентификува кој е одговорен за квалитетот, точноста и етиката на работата и кој ќе одговори ако се јават одредени прашања. Овој опис на автори треба да биде составен дел на секој печатен труд. Авторите се одговорни за создавањето на сите компоненти на ракописот. Сите автори мора да преземат одговорност, во писмена форма, за точноста на ракописот и еден автор мора да биде гарант и да преземе одговорност за работата во целина. Таков е случајот и со нашето списание Дефектолошка теорија и практика (JSER, 2011).

Наведувањето на поединечните придонеси за истражување во процесот на објавување обезбедува поголема транспарентност од традиционалните листи на автори и може да ги обесхрабри несоодветни авторски практики како „дух“ автори (поединци кои ги исполнуваат условите за авторство, но не се наведени), или почесни автори (лицата кои се наведени и покрај тоа што не учествувале во пишување на трудот, како што се шефови на одделот кои не се директно вклучени во истражувањето). Гостинското авторство понекогаш го нудат на експерти во областа на истражувањето, иако тие гости автори не учествувале во истражувањето, ниту го напишале трудот. Оние кои се впуштаат во оваа практика често го прават тоа бидејќи веруваат дека тоа ќе ја зголеми веројатноста дека ракописот ќе биде прифатен за објавување или објавен во престижни или ригорозно рецензирани списанија. Покрај тоа, практиката на гостинско авторство може да биде дел од реципрочен договор, обично со блиски соработници или колеги, бидејќи така се зголемува библиографијата и се зголемува обемот на секој истражувач, а со тоа се подобрува неговата биографија (Laflin et al., 2005).

Уредниците треба да побараат изјава дека сите автори ги исполнуваат критериумите на списанието за авторство и дека никој кој ги исполнува овие критериуми не е испуштен од листата. Уредниците треба да побараат изјава дека авторите ги признаваат сите значајни придонеси напра-

вени во нивното објавување од страна на поединци кои не ги исполнуваат критериумите за авторство на списанието. Овие лица можат да бидат: статистичари или преведувачи (Табела 1). Ако спорот за авторство се појави од денот на објавувањето (на пример, некој го контактира уредникот и тврди дека тој требало да биде автор на објавениот труд, или има барање неговото име да биде повлечено), уредникот треба да се јави на соодветниот автор и кога е можно на другите автори за да се открие веродостојноста на случајот.

Ако авторските политики се јасно утврдени со експлицитна декларација за авторство во која се наведува дека сите автори ги исполнуваат договорените критериуми и дека сите кои не заслужуваат авторство се исфрлени), тогаш вистински грешки се невозможни, но уредниците треба да дадат можност за објавување на исправка во случај на такви грешки (ICMJE, 2011).

***Табела 1***. *Гаранција за авторска изјава*

1. Ракописот го содржи оригиналниот материјал кој нема да биде доставен на друго место истовремено.
2. Сите автори придонеле за работа и се запознаени со основните податоци, секој го прочитал конечниот ракопис и ја одобрил неговата содржина.
3. Сите автори се согласиле нивните имиња да бидат додадени во трудот.
4. Ракописот не е фалсификат, преработка, плагијат, или авто-плагијати. Сите важечки принципи на научниот интегритет, вклучувајќи етички третман на човечки субјекти и хуман третман на животни биле запазени. Со потпишување на овој формулар сведочите дека соодветен институционален или јавен одбор ги одобрил протоколите за употреба на човечко или животинско ткиво.
5. Сите извори на финансирање кои го поддржале трудот се ставени во делот на благодарности. Секој потенцијален конфликт на интерес од страна на било кои автори се испорачуваат како дел во процесот на поднесување.

### *4. Конфликт на интереси*

Уредниците, авторите и рецензентите имаат одговорност да ги откријат потенцијалните интереси кои може да се појават и да влијаат врз нивната способност објективно да ги претставаат податоците. Овие вклучуваат соодветни финансиски (на пример, патентот за сопственост, акции на сопственост, консултации, хонорар за предавачот), лични, политички, интелектуални, или религиозни интереси.

Финансиските конфликти можат најлесно да се идентификуваат, но тие не се највлијателните. Други извори на конфликт на интереси се:

лични, политички, научни и верски. Уредниците и членовите на одборот треба да ги објават и пријават овие интереси кога тие се релевантни за содржината. Уредници треба да бараат пишување на изјави од сите автори и рецензенти и треба јасно да се објаснат видовите конфликти на интереси кои треба да бидат откриени. Авторскиот судир на интереси (или опишување на отсуство на конфликт на интереси) треба да бидат објавени секогаш кога тие се директно или индиректно релевантни за содржината да биде објавена.

Уредниците може да не објават детали за авторските интереси кога овие интереси немаат никакво значење за содржината да биде објавена. Ако постои сомневање за тоа дали конфликтите се релевантни или важни, тогаш тоа е разумно да се открие.

Постоењето на конфликт на интереси не треба да го спречи некој од тоа да биде наведен како автор, ако тој е квалификуван за авторство. Строги политики на спречување на луѓе со судир на интереси од објавување мислење може да ги поттикне авторите да ги скријат релевантните интереси и затоа може да биде контрапродуктивно. Читателите ќе имаат корист од транспарентност, вклучувајќи го знаењето за авторската и соработничката припадност и интереси. Уредниците треба да се стремат да одржат транспарентни политики и процедури во врска со авторството и откривање на судир на интереси (COPE, 2011).

Сите такви интереси (или нивното отсуство) мора да бидат напишани во писмена форма од страна на авторите кои го поднесуваат ракописот. Оваа информација може да биде објавена во статијата. Ако постои сомневање за тоа дали одредена околност претставува конфликт, тоа треба да биде откриено, така што уредниците може да проценат за нејзиното значење. Извори на целосно или делумно финансирање или нефинансиска поддршка мора да бидат објавени. Од редовните рецензенти на списанието се бара рутински да пријават слични интереси. Покрај тоа, рецензент кој може да има конфликт на интереси за одреден ракопис е потребно да се открие, а надзор врши уредникот, кој потоа ќе го утврди неговото или нејзиното соодветно ниво на вклученост.

Главните уредници, исто така, може да имаат судир на интереси со членовите на редакцијата (како автори и рецензенти) и од нив се бара да кажат било каков конфликт на интерес што го имаат на годишно ниво. Ако одреден рецензент биде назначен на рецензија на ракопис на кој може да има конфликт на интереси, тогаш на ракописот ќе биде распореден на рецензенти без конфликт на интереси. Ракописи со автор од страна на членовите на редакцискиот одбор претставуваат посебен пример за потенцијален конфликт на интерес. Прегледот на овие ракописи секогаш треба да биде прегледан од заменик-уредник или повисоко ниво (Callaham, 2003).

### *5. Уредувачка независнот*

Односите на уредниците со издавачите и сопствениците на списание честопати се комплексни, но секогаш треба да се базираат на принципот на уредувачката независност. Без оглед на економската и политичката реалност на нивните списанија, уредниците треба да изберат поднесоци врз основа на нивниот квалитет и погодност за читателите, отколку за итна финансиска, политичка или лична добивка (COPE, 2011).

Уредувачката независност треба да се почитува. Сопствениците на списанијата и изадавачите не треба да се мешаат во одлуките на уредниците. Односот меѓу уредникот и сопственикот на списанието и издавачот треба да бидат поставени во формален договор и треба да се воспостави механизам на жалба при одредени спорови. Одлуките на уредниците за тоа дали да се објават индивидуални трудови доставени до списанието не треба да се под влијание и притисок од работодавачот врз уредникот, сопственикот на списанието или на издавачот. Идеално, принципите на уредувачката независност треба да се регулираат со договор со уредникот. Тој договор е соодветен за сопствениците/издавачите на списанието за да се дискутираат општите одредби и уредувачката политика со уредниците на списанието (на пример, дали треба или не треба да објави одреден тип на статија во списанието), но тие не треба да се вклучат во донесувањето одлуки од страна на уредникот за одредени статии. Уредниците, сопствениците и издавачите треба да воспостават модели со кои се минимизира ризикот за одлуки под влијание на комерцијални, академски, лични или политички фактори. Често е невозможно целосно да се изолираат одлуките на редакцијата од прашања кои можат да влијаат врз нив, како што се на пример комерцијалните размислувања. Ако списанија објавуваат реклами, продажбата на реклами мора да биде одвоена од уредувачките процеси.

Списанија кои објавуваат посебни прашања, додатоци или делови (или сличен материјал) финансиран од трети организации треба да воспостават политики за постапување во такви ситуации. На организацијата што финансира (поддржувач или спонзор) не треба да ѝ биде дозволено да влијае на изборот или уредување на поднесоци и сите финансирани предмети треба да бидат јасно идентификувани (Graf et al., 2007).

Со оглед на комплексноста на односот, сите уредници треба да имаат писмен договор, за одредување на условите на нивното именување. Бидете подготвени да преговарате со издавачот/сопственикот на списанието за да се обезбеди договор. Бидете сигурни дека тој/таа ќе ги разберат постапките за справување со поплаки или несогласувања. Ако не постојат пишани процедури, обидете се да развиете нормална врска со издавачот или сопственикот (COPE, 2011).

### *6. Одлуки на уредниците*

Одлуките за ракописот ќе се базираат врз основа на неговата важност, оригиналност, јасност и релевантноста на списанието. Студиите со негативни резултати или оние што се вистински предизвик, но биле претходно објавени ќе добијат еднаков третман. Во таков случај трудот најчесто се одбива. Ако авторот се жали на одлуката, тогаш неговиот труд ќе биде разгледан од страна на заменикот уредник или главниот и одговорен уредник. Карактеристиките на рецензентите периодично се оценуваат за да се обезбеди навременост, квалитет и ќе придонесе за одлуката повторно да бидат избрани. Овие мерки исто така, ќе се користат за проценка на промени во процеси кои може да го подобрат квалитетот на списанието.

### *7. Што е недолично истражување и каков проблем е тоа?*

Загриженоста за несоодветно однесување може да се појави во врската коавтори, рецензенти, уредници и други. Списанијата не се орган кој ќе спроведе формална судска истрага или ќе дојдат до формален заклучок во врска со недолично однесување. Тој процес е улогата на работодавачот на поединецот, универзитетот, одредена агенција, или регулаторно тело. Сепак, списанието има одговорност да помогне да се заштити интегритетот на јавните научни податоци преку споделување на информациите со властите кои можат да спроведат таква истрага.

Измамата може да биде намерно направена, со несовесно непочитување на можните последици, или од незнаење. Бидејќи основната цел на однесување е да се мами намерно, прелиминарната истрага на списанието за потенцијалното недолично однесување мора да ја земе предвид не само поради дејство или пропуст, но исто така и очигледната намера на лицата кои се вклучени во тој процес на измама. Често се зборува за недолично однесување во сериозни истражувања, како што се: измислица, фалсификување и плагијат. Но, тогаш постојат сите овие други практики кои најчесто се нарекуваат како сомнителни истражувачки практики, како и игнорирање на вашите податоци (податоците кои не ви се допаѓаат само да заборавите за нив), непријавени конфликти на интереси, немање податоци за несакани ефекти и подарок авторство. Сите овие се престапи во добрата истражувачка практика.

Уредниците секогаш треба да бидат подготвени да објавуваат исправки, појаснувања, деманти и извинувања ако е потребно. Списанијата треба да имаат објавени механизми како да се постапува со жалби и при-

говори. Тие треба да имаат разработено процес за разгледување на авторските жалби против одлуките на уредниците. Тие, исто така треба да имаат објавено процес за справување со жалби. Може да биде корисно да се назначи независен правобранител кој треба да ги советува авторите како да состават жалби.

Изработка (фабрикација) е дефинирана како снимање или претставување (во било кој формат) на фиктивни податоци. Фалсификување е манипулирање со податоци или експериментални процедури за да се произведе посакуваниот резултат или да се избегне комплициран или необјаснив резултат (Benos et al., 2005). Сите наоди за несоодветно однесување ќе бидат наведени на главниот и одговорен уредник, кој ќе ги разгледува околностите во консултација со заменик-уредниците. Почетното утврдување на фактите обично ќе вклучува барање на сите вклучени страни да го изнесат својот случај и да ги објаснат околностите во писмена форма. Ако злоупотребата е настаната во делот методологија или технички прашања, главниот уредник доверливо може да се консултира експерти, кои не го знаат идентитетот на авторите, или ако тврдењето е против уредникот, тогаш се бара надворешен експерт уредник. На главниот и одговорен уредник и заменик-уредниците ќе им пристигнат заклучоци за тоа дали има доволно докази за недолично однесување. Нивната цел не е да се утврди дали се случила вистинска злоупотреба туку да се утврдат прецизните детали на тоа недолично однесување.

Списанието има обврска кон читателите да им осигура дека неговите објавени истражувања се точни и се придржуваат кон највисоките етички стандарди. Затоа, ако главниот и одговорен уредник и заменик-уредниците заклучат дека постои можност за злоупотреба, тогаш ќе бидат преземени одредени постапки. Одговорите може да бидат одделни или во комбинација и нивната имплементација ќе зависи од околностите на случајот, како и одговорите од страните учеснички и институциите.

За да обезбедат добар квалитет на списанијата уредниците треба да имаат соодветни системи за детектирање на фалсификувани податоци, на пример изманипулирани слики или плагијаторски текст (за рутинска употреба или кога пак се покренати сомневања). Постојат посебни софтверски програми со кои може да се детектира дали одреден апстракт на труд се совпаѓа со друг и во колкав процент е тоа совпаѓање.

### *8. Плагијаторство*

Плагијаторството претставува научно недолично однесување. Плагијаторство е употреба на туѓи објавени и необјавени идеи или зборови (или друга интелектуална сопственост) без да се наведе извор или без да се има дозвола и презентирање на нив како нови и оригинални, а не дека произлегуваат од постојниот извор. Намерата и ефектот на плагијатот е да се доведе во заблуда читателот дека тоа се придонеси на плагијаторот. Ова се однесува на идеи и зборови што се земени од апстракти, истражувања, апликации за грант, или необјавени и објавени ракописи објавени во било каков формат (печатен или електронски) (Callaham, 2003).

Уредниците и читателите имаат право да очекуваат дека авторот што поднел труд во списание тоа не го направил како плагијат (односно не го преземал од други автори без дозвола, ако дозвола е потребна) и дека авторското право не е прекршено (на пример, ако се репродуцирани табели и графикони) (Graf et al., 2007). Плагијатот се смета како кражба или проневера на интелектуалната сопственост или копирања на големи текстови. Кражбата или злоупотреба на интелектуалната сопственост ги вклучува и неовластената употреба на туѓи идеи или уникатни методи добиени со привилегирана комуникација, како што се: грант или рецензија на ракопис (ORI, 1994).

### *9. Интелектуална сопственост*

Сопствениците на списанијата и авторите имаат право да ја заштитат нивната интелектуална сопственост. Различни системи се достапни за заштита на интелектуалната сопственост и списанијата мора да изберат било кој од нив што најдобро одговара на својата намена. Некои Blackwell списанија бараат авторите да се откажат од своите авторски права, други Blackwell списанија бараат дозвола на содржини од автори, додека трети користат отворен пристап модел под Creative commons лиценци (Blackwell, 2011). Таков е случајот со електронската верзија на списанието Дефектолошка теорија и практика кое користи Creative Commons 2.5 лиценца за Македонија (JSER, 2011). Blackwell издавачката куќа е законски обврзана да има експлицитна форма што треба да се пополни за да објавите некој труд. Blackwell издавачката куќа препорачува формулар за ексклузивна лиценца или ELF систем (за да видите пример посетете ја веб страницата:

http://www.blackwellpublishing.com/pdf/IJCP_ELF.pdf).

Насоките за рецензентите што се даваат во самите списанија треба да се експлицитни и да ги опишуваат улогата и одговорностите на рецензентот, особено треба да се третираат поднесени материјали во доверба дека никаде не се објавени. Списанијата треба да побараат рецензентите да ги уништат поднесените ракописи што тие ги прегледале. Се очекува уредниците да ги потврдат наводите за кражба или плагијати, и тие треба да се третираат сериозно. Уредниците треба да ги заштитат рецензентите од авторите и дури ако се открие идентитетот на рецензентот, треба да ги обесхрабрат авторите од директни контакти со рецензентите, особено ако нивното однесување е несоодветно и сомнително (ORI, 2011).

## *10. Рекламирање*

Многу научни списанија добиваат значителен приход од рекламирање на изданија, создавајќи потенцијален конфликт на интерес. Одлуките на уредниците на списанијата не треба да бидат под влијание од приходите од реклами. Редакцијата и рекламирањето се две независни функции во списанието. Донаторите на реклами не смеат да имаат контрола врз уредувачката политика под никакви околности.

На пример, Дефектолошка теорија и практика бара јасно да се идентификуваат рекламата на производот или услугата што се нудат. Во случај на реклами на лекови, целосното генеричко име треба да се појави на секоја активна супстанција. Комерцијални огласи не треба да се ставаат во непосредна близина на било кој уредувачки текст во кој се дискутира производ што се рекламира, ниту во непосредна близина на некој труд што известува за истражување на рекламираниот производ.

***Табела 2****. Општи задолженија и одговорности на уредниците*

| | |
|---|---|
| 1. | Уредници треба да бидат одговорни за сè што е објавено во списанијата; |
| 2. | Тие треба да се стремат да ги задоволат потребите на читателите и авторите; |
| 3. | Тие треба постојано да го подобруваат своето списание; |
| 4. | Уредниците треба да имаат процеси со кои го осигуруваат квалитетот на материјалот што ќе биде објавен; |
| 5. | Мора да бидат први во слободата на изразување; |
| 6. | Потребно е да го одржат интегритетот на академската евиденција; |
| 7. | Тие треба да спречат бизнис потребите да ги загрозат правилата на интелектуални и етички стандарди; |
| 8. | Секогаш да бидат подготвени да ги објавуваат исправките, појаснувањата, демантите и извинувањата кога е тоа потребно. |

### *Заклучок*

Во овој труд се сумирани повеќе аберации на научно однесување кои се воочуваат во процесот на објавување. Постојат доста случаи на злоупотреба во истражувањата. Во нашата средина многу малку се води грижа за етика на публицирањето. Честопати сме сведоци на плагијаторство, притисоци за објавување на одреден труд од одреден автор на кој му треба избор во звање, недоследности во рецензирањето, мешање на спонзорите во уредувачката политика, итн. Лицата кои се вратарите на објавувањето (уредниците и редакциските одбори) мораат да се борат за да се минимизира веројатноста за појава на неколку поединци кои ќе извршат етички прекршувања од површина и се закануваат на интегритетот на останокот од научната заедница. Етичките прекршувања се резултат на конфузија или на недостаток на знаење за оваа проблематика и затоа некои списанија преземаат одговорност за едукација на нивната научна заедница за етички прашања во процесот на публицирањето. Во поголемите списанија потребно е да се креираат етички комитети кои ќе се грижат за придржување кон најригорозните стандарди во објавувањето. Само со високи етички стандарди, квалитетни и оригинални трудови во нашите списанија, можеме да сметаме на добивање фактор на влијание од компанијата Thomson Scientific. Така, нашите списанија ќе станат повидливи за светската научна јавност и ќе бидат поцитирани што претставува крајна цел на секој автор.

Со зголемување на едукацијата и свеста за етичките прашања релевантни за научните истражувања и објавувањето, одредени неправилности ќе бидат намалени. Во иднина, авторите треба да очекуваат дека нивните ракописи ќе треба да исполнат низа етички стандарди. Тоа ќе биде “conditio sine qua non” за редакциските одбори.

***Користена литература***

**Benos, D.,J., Fabres, J., Farmer, J., Gutierrez, J.,P., Hennessy, K., Kosek, D., Lee, J., H., Olteanu, D., Russell, T., Shaikh, F., and Wang K**., 2005. Ethics and scientific publication. *Adv Physiol Educ* 29: 59-74; doi: 10.1152/advan. 00056.2004.

**Blackwell Publishing**, 2011. Copyright FAQs. Available from URL: http://www.blackwellpublishing.com/bauthor/faq_main.asp (accessed 17 May 2011).

**Callaham, M.,L., Waeckerle, J.,F**., 2001. Deciphering the authorship code. *Ann Emerg Med*; 37: 386-387.

**Callaham, M.,L.,** 2003. Journal Policy on Ethics in Scientific. *Ann Emerg Med,* 41: 82-89.

**Callaham, M., Schriger, D., Cooper, R.J.**, 2011. *An Instructional Guide for Peer Reviewers of Biomedical Manuscripts.* Available from URL:
http://www3.us.elsevierhealth.com/extractor/graphics/em-acep/index.html (Accessed May 18, 2011).

**COPE,** 2011. Code of conduct and best practice guidelines for journal editors. Available from URL: http://www.publicationethics.org (Accessed May 28, 2011).

**Graf, C., Wager, E., Bowman, A., Fiack, S., Scott-Lichter, D., Robinson, A**, 2007. Best Practice Guidelines on Publication Ethics: a Publisher's Perspective. *Int J Clin Pract*, 61 (Suppl. 152), 1-26.

**Benos, D.J., Fabres, J., Farmer, J., Gutierrez, J.P., Hennessy, K., Kosek, D., Lee, J.H., Olteanu, D., Russell, T., Shaikh, F., and Wang, K.,** 2005. Ethics and scientific publication. *Adv Physiol Educ,* 29: 59-74.

**International Committee of Medical Journal Editors**. Uniform Requirements for Manuscripts Submitted to Biomedical Journals: Writing and Editing for Biomedical Publication. Available from URL: http://www.ICMJE.org (Accessed 23 May 2011).

**JSER online,** 2011. Authorship statement form. Available from URL: http://jser.fzf.ukim.edu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=52&Itemid=57 (Accessed May 29, 2011).

**Laflin, M.,T., Glover, E.,D., Robert J. McDermott, R.,J.,** 2005. Publication Ethics: An Examination of Authorship Practices. *Am J Health Behav,* 29 (6): 579-587.

**Office of Research Integrity.** ORI provides working definition of plagiarism. *ORI Newsletter*, vol. 3, no. 1, December, 1994 [Online]. Available from URL: http://ori.dhhs.gov/html/publications/newsletters.asp(Accessed 29 May 2011).

**Office of Research Integrity/Yale University**. Ethics of Peer Review: A Guide for Manuscript Reviewers. Available from URL: http://ori.hhs.gov/education/products/yale/ (Accessed 24 May 2011).

**Roberts, J, 2009**. An Author's Guide to Publication Ethics: A Review of Emerging Standards in Biomedical Journals. *Headache,* 49: 578-589.

**Rüegger, H.,U.**, 2010. Quo vadis universitas? Available from URL: http://www.fnf.uzh.ch/quovadis.html (Accessed May 23, 2011).

*Vladimir TRAJKOVSKI*

# ETHICS OF PUBLISHING PROFESSIONAL-SCIENTIFIC ARTICLES

***Abstract***

*In the world of scientific publication, morals are not completely different than in daily life. There are cases of clear research misconduct. If misconduct occurs, it creates a disruption, not only for the scientific community and their institutions, but for all individuals involved. Journals aspire to select, through peer review,the highest quality science, and their reputations depend on the trust of readers, authors, researchers, and reviewers. This paper analyzes the major categories of ethical violations encountered during submission, review, and publication of scientific articles.*

*The process of peer reviewing of the journals rely on expert and objective review by knowledgeable researchers to ensure the quality of the papers they publish. The review of manuscripts for peer reviewed journals raises many ethical issues and problems. The recommendations of the reviewers make concerning publication and the advice they give to authors set the scientific standards of the discipline. Understanding that some apparent ethical contraventions are the result of confusion or a lack of knowledge, some journals are assuming the responsibility of educating their community about ethical issues in publishing. The goal of this article is to make the guiding ethical principles accessible to all of our readers and contributors.*

*By increasing education and awareness of ethical matters relevant to scientific investigation and publication, deviations from appropriate conduct will be reduced. In the future, authors can anticipate that their submissions will be required to meet an expanding array of ethical standards.*

***Key words:*** *ETHICS, PROFESSIONAL, SCIENTIFIC, PUBLICATIONS, EDITORS*